РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-19
05.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван ,

Ви благодариме за претставката (наш бр. УПП 03/19 од 09.10.2024 г.), во која, наведувате потенцијални недоследности во врска со примената на предупредувачката сигнализација во различни видови аудиовизуелни материјали од програмските сервиси на МРТ1, МРТ3, МРТ5 и на Собраниskиот канал, од целината на Јавниот радиодифузен сервис, Македонска радио-телевизија (ЈРС МРТ).

Најнапред, бидејќи претставката се надоврзува на низа Ваши забелешки за иста или за слична проблематика во однос и кон програмски сервиси на трговски радиодифузни друштва, земете го предвид следниов контекст:

Долгогодишното искуство од редовниот административен и програмски надзор, кој Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) го спроведува по службена должност, покажува потреба за нужна регулаторна толеранција за одредени формални аспекти од уредувачката недоследност при спроведувањето на програмските концепти што треба да исполнат информативна, образовна и/или забавна функција, и тоа пред сè затоа што самото конципирање на програмски сервис никогаш не се одвива во идеални околности на кадровска екипираност со соодветни техничка вештина и опременост. Градациски, оваа констатација важи за 38 телевизии што во македонскиот радиодифузен простор функционираат со дозвола за работа на локално, регионално и на државно ниво. Оттаму, регулаторната толеранција посебно е нужна за случаи на очигледен технички пропуст, а не за повторлива, што значи – намерна, систематична уредувачка / новинарска грешка што преоѓа во неодговорност.

Проценката за санкционирање евентуално штетно влијание што одредена аудиовизуелна целина (информативна / образовна / забавна) може да го има врз малолетната ТВ-публика, освен формалностите на пропишаната предупредувачка сигнализација (која пред сè уредувачки апелира кон родителот / старателот), задолжително ги зема предвид и: - периодот на емитувањето; - целодневната целина и основната намена / функција на програмскиот сервис; - увидот во темата, во содржината и во режисерската постапка применета за одреден аудиовизуелен материјал.

Во оваа (методолошка) смисла, како впрочем и по сите досегашни Ваши претставки за сличен уредувачки делокруг, направен беше детален, споредбен увид во повеќедневен програмски сервис на гореспоменатите ТВ-канали од ЈРС, и - повторно, беше констатирано дека некои од недоследностите што сте ги забележале очигледно се последица од технички пропуст, а не од уредувачка неодговорност, оттаму не се констатирани прекршувања на Законот и на Правилникот.

Во продолжение се податоците од споредбениот увид направен врз програмските сервиси на ЈРС МРТ по Вашата претставка:

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

- Не прецизирате кои програми од програмскиот сервис на **МРТ3**, **примарно наменет за следење спортски настани и натпреварувања**, биле емитувани без предупредувачка сигнализација, но врз основа на мониторинг направен во периодот од 5, 6, 7, 8 и 9 октомври, евидентирани се (репризирани) епизоди од играните серијали: „*Црно-бел свет*“ и „*Приказната на робинката*“, доследно обележани со предупредувачката сигнализација како што е пропишана според Правилникот;

- Точно сте забележале дека одредени (репризирани) епизоди од играниот серијал „*Тин камп*“, примарно наменет за повозрасни младинци, евидентирани во програмскиот сервис на МРТ5 од 1, 2 и 3 октомври, се обележани како програма од прва категорија, за разлика од неговата првична класификација како програма од втора категорија, поставена при премиерното емитување на МРТ1 во текот на викендите. По фактички увид во конкретниот аудиовизуелен материјал пак, беше констатирано дека голем дел од епизодите на серијалот „*Тин камп*“ и соодветствуваат во првата категорија програма, но важно е дека програмите класифицирани во првата и во втората категорија можат да се емитуваат во текот на целото денонoќие и дека не е сторен прекршок во овој поглед. Сепак, на уредништвото на МРТ5 му беше предочена потребата да ја усогласи предупредувачката сигнализација со таа на МРТ1 за програмите што се емитуваат на двата програмски сервиси.

- Во целината на ЈРС МРТ, програмскиот сервис - **МРТ5, примарно е наменет за образовна, за забавна или најчесто - за образовно-забавна жанровска комбинација ставена во воспитно-морална функција за деца од претшколска и од основношколска возраст**; односно и со досегашните, редовни мониторинзи на АВМУ, утврдено е дека – **ниту една од целодневно емитуваните аудиовизуелни целини воопшто не содржи – ни насилство, ни еротика, ни сугестибилни облици однесување штетно по здравјето и по безбедноста на малолетниците**; за тоа, впрочем, сведочат и следниве евидентирани наслови што целодневно се емитувани на МРТ5 во периодот од 1 до 3 октомври, а кои, патем, се и доследно обележани како програми од прва категорија – соодветни за целата потенцијална публика:

  - *Ковчеже“ (од архивата на играната продукција на РТ Скопје и на МРТ):*

    - *„Во светот на бајките“;*
    - *„Македонски бајки“;*
    - *„Македонски народни приказни“*
    - *„До ре ми“;*
    - *„Чудовиштата од нашиот град“;*

    *потоа:*

    - *„Си било еднаш“;*
    - *„Дајте музика“;*
    - *„Емисија за буквите“;*
    - *„Бушавата азбука“;*
    - *„Поточиња“;*
    - *„Ѕвон“;*

  - *Понова странска / домашна (ко)продукција:*

    - *„Брико“ – анимиран, кусометражен филм со практични совети за деца од претшколска возраст;*
    - *„Патролни шепи“;*
    - *„Штрумфови“;*

- *„Светот на Биби“;*
- *„Волшебникот и Теknувалка“ (емисија за употребата и за влијанието на модерната технологија);*
- *„Фамилија 5+“;*

- Сличен, интегрален класификациски пристап треба да се примени и за - *документарните аудиовизуелни целини со образовна функција* - што по потреба пополнуваат простор во програмскиот сервис на **Собранискиот канал, примарно наменет за различни видови информирање (вести / извештаи / преноси) од работата на Парламентот**. Во периодот од 1, 2, 3, 4 и 5 октомври, мониторингот ги евидентираше следниве емисии од видот на: образовно-документарната (уметничка, културна, хуманистичка) и музичката продукција – било од архивите на некогашната РТ Скопје било од сегашната МРТ, или, пак, како што е јасно наведено - уредувачки и новинарски реализирани од Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал:

  - *„Талкачи“;*
  - *„Околу светот“;*
  - *„Собраниска ризница“;*
  - *„7 минути здравје“;*
  - *„Еурека“: - Сигмунд Фројд / Михаил Ломоносов / Константин Сергеевич Станиславски;*
  - *„**Македонски народни приказни**“;*
  - *„Дома“;*
  - *„Ôд на векот“;*
  - *„Македонски без јазични грешки“;*
  - *„Парламентарните избори во Македонија“;*
  - *„Делчевски археолошки тајни“;*
  - *„Друм перница – друм постела“;*
  - *„Битола мој роден крај“;*
  - *„Убава Македонија“;*
  - *„Жените од АСНОМ“;*
  - *„Бигорски манастир, Св. Јован Крстител“;*
  - *„Прекалени – Марко Цепенков“;*
  - *„Технолошки центар“;*
  - *„Кањонот на Бабуна“;*
  - *„Портрети (емитувани под различни, засебни наслови) – Димитар Солев / Глигор Чемерски / Благоја Петров-Караѓуле / Зафир Хаџиманов / Благоја Дрнков“;*
  - *„Марков манастир, с. Сушица“;*
  - *„Природата не простува“;*
  - *„Духовноста во карпите“;*
  - *„Билјана бисер охридски“;*
  - *„Знаци на македонската земја“;*
  - *„Тешкото“;*
  - *„Трница е мојот сон“;*
  - *„Пештерска убавина“;*
  - *„На куќа слама – во куќа слава“;*
  - *„Од многуте лета на Горната гимназија“;*
  - *Целосни снимки од „Макфест“ или единечни спотови, издвоени од други македонски фестивали за забавна и за народна музика;*

Освен потцртаната епизода од „Македонски народни приказни“ - сè друго емитувано во програмскиот сервис за наведениот период, е исклучиво од доменот на образовната или на образовно-документарната програма, така што по уредувачки увид во содржината - не е ни задолжително да биде обележано со предупредувачка сигнализација за родителски / старателски надзор (како што пропишува и Правилникот), посебно, пак, на програмски сервис примарно наменет за полнолетна публика што ги следи политичките дебати во структурата на Законодавниот дом.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

По овластување на директорот

м-р Драгица ЉУБЕВСКА